**ИЗВЕШТАЈ**
**од Консултативната средба со граѓански организации за Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор,**
**Скопје, 13.7.2017 година**

На 13.7.2017 година, во Клубот на органите на управата во Скопје, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, организираше консултативна средба за Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор, на која беа поканети членките на ИПА 2 механизмот за граѓански организации и 89-те граѓански организации кои во 2016 година доставија писмено барање за запирање на процесот на формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, со цел да се направат измени и дополнувања на донесената Одлуката за формирање на Советот и да се отвори консултативен процес со претставници на граѓанските организации, во кој различните мислења и ставови за Советот ќе бидат земени предвид и усогласени согласно споредбените искуства и практики.

На консултативната средба учествуваа 72 претставници на здруженија и фондации и претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Одделение за соработка со невладини организации.

Воведно обраќање на средбата имаше генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски, кој ја потенцираше важноста на формирањето на Советот, за унапредување на соработката и градењето партнерски односи помеѓу Владата и граѓанскиот сектор. Надлежностите, составот и начинот на избор на членовите на Советот, согласно донесената Одлука за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Репулика Македонија и граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ" бр.98/2016), беа презентирани од претставникот на Генералниот секретаријат на Владата, Сузана Никодијевиќ-Филиповска, а Александар Кржаловски од Македонскиот центар за меѓународна соработка и претставниците на ИПА 2 механизмот: Александар Колекески од Евротинк- Центар за европски стратегии и Ана Чоловиќ-Лешоска од Еко-свест-Центар за истражување и информирање за животната средина, се осврнаа на реакциите на граѓанските организации во 2016 година по повод донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.

Во дискусијата за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор активно се вклучија голем број од присутните претставници на граѓанските организации. Поголемиот број од

граѓанските организации, меѓу кои: Младински образовен форум, Прва детска амбасада во светот - Меѓаши, Форум плус-Скопје, Фондација Фридрих Еберт-канцеларија Скопје, Здружение Конект, Хуман свет, Центар за даночна политика побараа измени во составот на Советот (член 3), односно мнозинството на членовите на Советот да бидат предложени од граѓанските организации, со цел поефикасно и потранспарентно функционирање на Советот.

Дел од организациите побараа да се додадат нови области во кои ќе се назначуваат членови на Советот на предлог на организациите (член 3 став 3):

- информатичко-комуникациски технологии (предлог од Интернет хотлајн провајдер Македонија);
- родовата еднаквост да се издвои како посебна област (предлог од Акција Здруженска);
- раздвојување на заштитата на маргинализираните лица и родовата еднаквост како две посебни области (предлог од Дајте ни крилја);
- прецизирање на поимот маргинализирани групи (предлог од Хелсиншки комитет ЛГБТИ Центар).

Дел од организациите, меѓу кои: Здружение Конект, Младински образовен форум, Х.Е.П.А., Хуман свет и Центар за управување со знаење побараа членовите на Советот кои се назначуваат од редот на вработените во органите на државната управа да бидат на раководно ниво (раководни државени службеници) (член 3 став 2).

Повеќето организации предложија во Одлуката или со Деловникот за работа на Советот, поконкретно да се дефинираат надлежностите и одговорностите на членовите на Советот предложени од граѓанските организации, односно истите да имаат обврска да ги информираат и консултираат граѓанските организации од соодветната област за својата работа.

Коалицијата за одржлив развој предложи покрај членови, да се назначат и заменици на членовите на Советот, заради поефективно извршување на обврските, но и да им се даде можност на малите организации да аплицираат за членство во Советот. Ваквиот предлог беше подржан од претставникот на Институтот Сфера-Нова кој додаде дека критериумите се дискриминирачки за малите организации. Спротивно на ова, претставникот на Центарот за младински активизам оцени дека членови на Советот треба да бидат организации кои имаат искуство, но и капацитет за соодветен придонес кон успешно функционирање на Советот.

Во понатамошната дискусија, од страна на Македонскиот центар за култура и развој беше предложено Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат системски да се поврзе со Централниот Регистар на Република Македонија и да одржува база на податоци на невладини организации, како и да подготвува месечен билтен, со кој граѓанските организации редовно ќе бидат информирани за состојбите во граѓанскиот сектор.

Во текот на дискусијата се отвори и прашањето за зголемување на легитимноста на процесот на гласање, при што Здружението Еко-свест предложи да се

додаде дополнителен критериум, односно потребна документација што треба да ја достави организацијата која сака да поддржи кандидат за член во Советот, со цел попрецизно да се утврди областа на делување на организацијата.

Претставникот на Генералниот секретаријат им се заблагодари на присутните претставници на граѓанските организации за активното учество и конструктивните предлози и укажа дека оваа средба претставува почеток на конуслативниот процес за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор. Граѓанските организации можат да доставаат писмени предлози до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат до 15.9.2017 година, а по подготување на Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Советот, ќе бидат организирани консултативни средби со граѓанските организации, со цел воспоставување функционален Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, како една од заложбите на Владата на Република Македонија согласно Планот 3-6-9.

Подготвиле: м-р Елпида Петковска и Даниела Симоновска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска